# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
АПРИЛ 2013 - БРОЈ 22



## Атмосферска канализација на Перо Наков

Заврши изградба на атмосферската канализација на улица Перо Наков и улица 840БИС.

Кога има обилни дождови водите се собираа на улицата и отежнато се одвиваше сообраќајот. На овој потег ќе се изградат тротоари по коишто граѓаните кои живеат во околината или пак пазарат во околните продавници ќе можат безбедно да се движат.

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, истакна дека



ова е едно од најфреквентните места во општината, а со изградбата на атмосферска канализација и тротоари ќе се реши еден долгогодишен проблем и ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

## Фекална канализација од Ергеле до Дрма

Во тек е изградба на првата фаза од проектот за изградба на фекална канализација за населените места од Ергеле до Дрма.

Овој проект е од голема важност за населените места Ергеле, Трубарево, Гоце Делчев, Колонија, Јурумлери, Идризово и Дрма, во кои живеат околу 16,000 жители, а ќе им биде решен долгогодишниот проблем кој го имаат со фекалните води и септичките јами.

Овој проект е зедничка инвестиција на општина Гази Баба и градот Скопје, во вредност од 80,000,000.00 денари.



# Проект за подобрување на водоснабдување на Ченто, Стајковци, Сингелиќ и Инџиково



Градоначалникот Тони Трајковски и градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски одржаа прес-конференција на која го промовираа проектот за подобрување на водоснабдувањето во населените места Ченто, Стајковци, Синѓелик и Инџиково во Општина Гази Баба.

Со години наназад овие населени места имаат проблеми со водоснабдувањето, бидејќи постоечкиот систем за водоснабдување бил проектиран во време кога овде имало далеку помал број на жители. Со зголемувањето на бројот на населението и бројот на градби се зголемува и потребата од користење на вода. Доколку не се интервенира, за 4 до 5 години населението во овие населени места ќе има сериозен проблем со водоснабдување. За да се надмине овој проблем ќе се изгради нов систем за водоснабдување или негова надградба. Се работи за изработка на цевковод од Агросервис до резервоарите во Ченто и изградба на нови резервоари. Дополнително, потребно е да се донесе и поголема количина на вода до Агросервис и за таа цел Градот Скопје и ЈП "Водовод и канализација" - Скопје ќе реализираат и проект за превземање на вода од влезната порта кај населеното место Железара и од таму до Агросервис, со што ќе се зголеми капацитетот на водата.

На овој начин ќе се реши проблемот со водоснабдување за над 30.000 жители од овие населени места.



Почитувани сограѓани,

Најпрво сакам да Ви се заблагодарам за поддршката што ми ја дадовте на последните локални избори, посебно што поддршката ми ја дадовте уште во прв круг на гласањето. Тоа за мене значи дека имам и уште поголема одговорност ветеното на дело да го реализирам. Затоа, уште еднаш ќе потенцирам дека проектите што беа понудени во мојата изборна програма ќе бидат мојот патоказ за следните четири години, но исто така можам да ветам дека и проектите кои во меѓувреме ќе бидат предложени од Вас ќе ги земеме во предвид и ќе настојуваме да ги реализираме.

Уште од првиот ден после локалните избори во сорботка со членовите на Советот и општинската администрација, започнавме со реализација на планираните проекти.

Накратко ќе набројам дел од проектите кои беа дел од мојата изборна програма, односно планираните нови дела за подобра општина Гази Баба:

- Знаејќи дека иднината се нашите најмлади, дека една држава може да оди напред само со знаење и квалитетни кадри, како врвен приоритет за наредните четири години ги планираме изградбите на новите основни училишта "Григор Прличев" во Железара и "Вера Јоциќ" во Хиподром и отпочнување со изградба на трето основно училиште "Крсте Мисирков" во Чento.

- Исто така ќе продолжиме со изградба на нови градинки во руралните средини. Ќе изградиме нова детска градинка во Стајковци, која ќе ги опслужува жителите од Стајковци до Раштак

- Ќе започнеме со изградба на нова логистичка зона кај обиколницата на површина од 300ха, каде што е планирано да се изгради терминал за тешки товарни возила ,авто пазар и капацитети од незагадувачката индустрија со што ќе се отворат нови работни места.

- Ќе продолжиме со изградбата на фекалните колектори. Кај жителите од населените места Ергеле, Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово и Дрма во следните четири години ќе го решиме проблемот со септичките јами и загадувањето на подземните води.



**Градоначалник на Општина Гази Баба Тони Трајковски**

- Исто така во план е решавање на проблемот со отпадните води и за населените места Црешево, Смилковци, Виниче, Булачани, Раштак, Брњарци и Страчинци.

- Ќе продолжиме со подобрување на водоснабдувањето во Раштак, Булачани и Страчинци а во соработка со град Скопје во Железара, Автокоманда, Ченто, Инџиково, Сингелиќ и Стајковци.

- Ќе продолжиме со изградбата на атмосферската канализација во Триангла

- Ќе продолжиме со реконструкција на улиците во сите населени места

- Ќе продолжиме со изградбата на тротоарите и паркинг местата во Хиподром

- Ќе продолжиме со подобрување на инфрструктурата во Керамидница.

- Ќе се отпочне со градба на новата населба "Хиподром 2" од кои првите 60 парцелели се веќе продадени и набрзо граѓаните ќе започнат со градби.

- Планирана е комплетна реконструкција на културниот дом во Ченто и изградба на нов културен дом во Автокоманда

- Како општина која има 65% обработливо замјоделско земјиште како и досега така и во иднина, ќе продолжиме со поддршката на земјоделците, пред се во подобрување на патната инфраструктура и пристапот до земјоделските површини.

- Успешно ќе го завршиме процесот на легализацијата

- Како поранешен спортист ќе продолжам да работам на промоцијата и развојот на спортот и ќе го задржиме приматот на најспортска општина во државата

- Ќе продолжиме со изградба на училишни спортски сали. Во соработка со Владата на РМ ќе изградиме училишна спортска сала во ОУ "Вера Јоциќ" и О.У. "Кирил и Методиј".

- Во соработка со агенцијата за млади и спорт планирана е изградба на спортската сала во Ченто

- Ќе го обновиме спортско рекреативниот центар Хиподром и ќе изградиме нов спортски центар на потегот од Стајковци до Црешево

-Ќе продолжиме со поддршката на младите во субвенционирање на старт ап бизниси односно како и досега така и во иднина ќе обезбедиме бесплатни простории за отпочнување на бизнис.

-Ќе продолжиме со поддршката на нашата највозрасна популација пензионерите во отворање на нови клубови за нивно дружење и давање на поддршка на нивните проекти.

- Ќе продолжиме со давање на поддршка на невладините организации со давање на бесплатни услови во НВО центарот во Железара за реализирање на проекти.

Општина Гази Баба е препознатлива по својата богата историја. На наша територија се наоѓа неолитската населба Тумба Маџари стара 8000 години. Тоа е доволен мотив како досега така и во иднина да работиме на зачувување на нашата историја, да продолжиме со негување на нашето културно наследство и нашата традиција.

Ова се само дел од планираните проекти. Како досега, така и во иднина, Ве повикувам активно да земете учество со Ваши предлози и заедно да учествуваме во градењето на нашата Општина.

Почитувани сограѓани, во пресрет на големиот христијански празник Велигден на сите православни христијани им го честитам, Ви посакувам пред се многу здравје и среќа и нека овој голем празник Ви донесе многу радосни моменти во семејството. Христос се роди.

# Тони Трајковски официјално ја превзема функцијата градоначалник



По утврдените конечни резултати од гласањето на локалните избори 2013 година, претседателот на Изборната комисија на Гази Баба, Златан Беговиќ му го врачи Уверението на градоначалникот Тони Трајковски, кој како кандидат на ВМРО - ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" својот втор мандат го доби во првиот изборен круг, со освоени 56,45 % гласови од вкупно излезените гласачи.

Градоначалникот Тони Трајковски ја истакна успешната соработка со Општинската изборна комисија и го изрази задоволството од мирната и демократска атмосфера за време на изборите.

# Ќе се гради ново ОУ Григор Прличев




Градоначалникот Тони Трајковски го потпиша Договорот со Министерството за финансии за земање заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка. Со овој заем, во висина од 91.000.000,00 денари Општина Гази Баба ќе гради ново основно училиште, на местото на старото училиште "Григор Прличев" во населба Железара.

По овој повод, во ОУ "Григор Прличев" се одржа промоција на Проектот за изградба на ново училиште, на која присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на Совет, Милан Андоновски, Министерот за финансии, Зоран Ставревски, Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, пратеникот од Собрание на РМ, Благородна Дулиќ и граѓани од населбата Железара. Новиот објект на училиштето, ќе биде современа, модерна зграда, со површина од 2024 м², ќе има подрум, приземје и кат со капацитет на зградата за 500 ученици.



## Ќе се продолжи со изградба на спортската сала во Ченто

Салата во н. Ченто, која се наоѓа до ОУ "Крсте Мисирков" е започната со градба пред околу десетина години, но поради проблеми со имотно правните работи, изградбата беше запрена.

Бидејќи во меѓувреме овие проблеми беа решени, Агенцијата за млади и спорт, по Програмата за санација и реконструкција на спортските објекти, издвои сума во висина од 20.000.000,00 денари со кои ќе се доизгради оваа сала.

Во населба Ченто, на местото на старите гробишта, кои во изминатиот период беа дислоцирани, се започна со изградба на нов урбан парк. На површина од 4000 м² ќе се изгради хортикултурно уреден парк, со поставување на урбана опрема, фонтана, детско игралиште и црква.



## Нов урбан парк во Ченто




# Граѓаните од Автокоманда од јануари плаќаат помали сметки за парно греење

Работите на магистралниот топловод во должина од 2 километри за населбата Автокоманда, инвестиција на АД ЕЛЕМ вредна 1.700.000 евра, се одвиваа од март до декември 2012 год. Со приклучувањето на постојната дистрибутивна мрежа во оваа скопска населба, АД ЕЛЕМ Енергетика од 1 - ви јануари 2013 година, почна да испорачува топлинска енергија за дополнителни 70 станбени објекти , неколку детски градинки, основно училиште , трговски центар и Спортска сала, или создаде услови за нови 1.854 потрошувачи, со инсталирана моќност поголема од 15,3 MW без делот на факултетите и студентскиот дом, кои се со дополнителни 7 MW инсталирана моќност.

Градоначалникот Тони Трајковски и директорот на ЕЛЕМ, Дејан Бошковски имаа средба со граѓаните од Урбаната заедница Автокоманда, каде што АД Електрани на Македонија, подружница



Енергетика започна да испорачува топлинска енергија за потребите на населбата Автокоманда.

Граѓаните веќе во првите сметки го почувствуваа намалувањето на цената за потрошена топлинска енергија во нивните домови, а воедно и квалитетот на истата.

Во моментов, ЕЛЕМ Енергетика ги снабдува со топлинска енергија цела населба Автокоманда, населба Железара, Маџари, Хиподром и Триангла.





## Изведба на крак на секундарна фекална канализација

Општина Гази Баба изведе крак на секундарна фекална канализација во н. Керамидница, на улицата "Боро



Тодоровиќ". Со превземање на оваа активност им се овозможува уште на 10 семејства да се приклучат кон секундарната фекалната канализација, со што ќе им се решат проблемите кои ги имаат со септичките јами.

## Проширување на улица Маџари

Со проширувањето улица Маџари ќе добие 4 коловозни ленти, по две во двата правци, со што нема повеќе да има гужва, која секојдневно се прави на овој дел од Ченто.

Реконструкцијата ќе се одвива во две фази.

Првата фаза ќе биде од ул. Антон Попов до улицата Финска, а понатаму како ќе се решаваат имотно правните односи, така ќе се извршува реконструкцијата.

Исто така, во овој дел ќе се реши и проблемот со паркирањето, со проширување на паркиралиштата пред поликлиниката спроти пазарот.

# Пешачки патеки



На улицата "Сава Михајлов" во Ченто, општина Гази Баба заврши со изградба на дел од пешачка патека од павер елементи, во должина од 140 м. Општината со изградбата на пешачката патека им овозможи безбедно движење на минувачите и учениците по оваа улица.



На улицата "Срећко Пужалка" во Ченто се изгради дел од пешачка патека, која е изработена од павер елементи со должина од 450м и широчина од 1,40 м.



Покрај ОУ "25 Мај" општината изгради пешачка патека со павер елементи и ограда на дел околу училиштето. Патеката е во должина од 140 метри, а оградата која беше оштетена во должина од 125 м околу училиштето, сега е обновена.



## Нова патека и паркинг во Триангла

Во урбаната заедница Триангла, на кракот на улицата "Благоја Стефковски" се изградија пешачка патека и паркинг. Пешачката патека е изработена од павер елементи, а паркингот со тампон, кои заедно изнесуваат 210м².



Во основното училиште "Наум Наумовски Борче" изградена е пристапна патека во должина од 620м². Со оваа патека им се овозможува на учениците од оваа населба безбедно движење во кругот на училиштето.







## Ограда кај паркингот до ОУ Стив Наумов

До основното училиште "Стив Наумов" на делот кај новиот паркинг простор, општина Гази Баба постави нова ограда.







# Пристапни рампи на кејот на р. Вардар

На кејот на реката Вардар,изградени се две пристапните рампи, од пешачката патека на насипот кон пешачката патека на кејот. Овие рампи ќе им го олеснат симнувањето кон патеката на кејот на р. Вардар на велосипедисти, деца со ролери, колички за деца, колички за лица со хендикеп и други.





# *Одржување на каналската мрежа*

Водостопанство "Скопско Поле" во соработка со општина Гази Баба, постојано ги чистат и одржуваат каналите низ населените места.

Општина Гази Баба неколку години по ред, им помага на индивидуалните физички лица - водокорисници со превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување. На подрачјето на општината под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници. Надоместот по хектар изнесува 2400 денари, што значи вкупниот надомест, кој општината го плаќа на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ. Овие средства Водостопанство "Скопско Поле" ги користи за одржување и расчистување на каналската мрежа во општина Гази Баба.





## Еластична ограда на патот Црешево - Раштак

Со цел да се подобри безбедноста во сообраќајот, Општина Гази Баба постави еластична ограда на критичните места на локалниот пат од населеното место Црешево, до населеното место Раштак.

На трите најкритични места на патот, вкупно се поставени 140 м ограда.



## Нова автобуска линија 163

На барање на граѓаните од општина Гази Баба, ЈСП - Скопје пушти нова автобуска линија со број "163" со миниавтобус.

Релација на линијата: с. Драчево - Општина Илинден

Траса на движење: од с. Драчево по улица Китка, нас. Драчево, Долно Лисиче, Јурумлери, Идризово, преку надвозникот низ Кадино, Марино и општина Илинден. Во обратна насока се движи по истата траса.

Линијата сообраќа само во работни денови, по следниот возен ред:

Поаѓање од с. Драчево:
6:15 ; 14:00 ; 15:30

Поаѓање од општина Илинден:
7:00 ; 14:45 ; 16:15



**Со проректорот на Мула Кочман Универзитетот од Р. Турција, Проф. Др. Али Осман Гундоан,** на која присуствуваа и експертот за интернационална соработка, Сулејман Гун и претседателката на македонско - турското здружение "Македонија - Еге", Нина Пандурска, која се оствари по иницијатива на Амбасадорот на Р. Македонија во Р. Турција, Горан Тасковски.



На средбата беше договорено да се потпише Меморандум за соработка помеѓу Општина Гази Баба и Универзитетот Мула Кочман, кој ќе претставува мост за понатамошна соработка со градот Мула и Стопанската комора од истиот град.



**Со директорката на Клиника за детски болести, Д-р Аспасија Софијанова.** На средбата се разговараше за успешната соработка која ја имаат овие две институции.

Имено, Општина Гази Баба и оваа година како и изминатите две, средствата кои ги собира од манифестацијата Пивтијада, ги наменува за потребите на оваа клиника.



**Со Амбасадорот во Египет, Миле Манолев.** На средбата беше и египетскиот бизнисмен Исмаил Ќалил, кој е заинтересиран за инвестиции во спортско рекреативен центар. Градоначалникот на гостите им ги посочи локациите, кои според урбанистичките планови во Општина Гази Баба имаат намена за изградба на спортско рекреативни центри.

# *Работни средби*



**Со директорот на Агенцијата за спорт и млади, Лазар Поповски, директорот на РК Маталург, Левче Китевски и со тренерот на РК Металург, Лино Червар.**

На средбата се разговараше за уредување на спортската сала во Автокоманда, која би прераснала во еден убаво уреден спортски објект.

*Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, Д-р Јожеф Бенце. Целта на оваа средба е отпочнување на соработка помеѓу Амбасадата на Унгарија со општина Гази Баба и градење на релации и добри односи помеѓу двата народа.*

*Градоначалникот на амбасадорот му презентираше кратка информација за профилот на општината, за индустриските капацитети во општината, за развојот на културата, спортот, образованието, за капиталните проекти и развојните капацитети на општината.*



*За да се зајакне меѓународната и меѓуопштинската соработка и домаќинот и гостинот се сложија со идејата општина Гази Баба да се збратими со општина од Будимпешта, која по спецификите би била слична на Гази Баба.*

*„Соработката би започнала на културно поле, бидејќи преку презентирање на културата и културното богатство се градат мостови помеѓу два народа, по кои понатаму ќе чекорат голем број на луѓе од различни структури за соработка на многу полиња„ - рече на крајот на средбата амбасадорот Д-р Јожеф Бенце.*

# Амбасадорот на Унгарија во Општина Гази Баба






# *Поставена спомен плоча на унгарскиот револуционер Лајош Кошут*

Градоначалникот Тони Трајковски и Амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија, Д-р Јожеф Бенце ја открија спомен плочата на унгарскиот духовен водач на националната ослободителна војна во 1848 година во н. Триангла, каде една од улиците носи негово име.

Спомен плочата беше поставена во чест на националиот Ден на Република Унгарија 15-ти март и во насока на одличната меѓусебна соработка.

Пред откривањето на спомен плочата ученичка од основното училиште Н.Н. Борче прочита состав за животот и делото на Лајош Кошут, а членови од Здружението на унгарците во Република Македонија "Теледом" прочитаа творби од унгарски поети.




Пред присутните гости се обратија претседателот на Здружението на унгарците во Република Македонија "Теледом", Јожеф Шутуш, градоначалникот Тони Трајковски и амбасадорот Д-р Јожеф Бенце.

Присутни на настанот беа и градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и Претставници на Министерството за правда и јавни работи во Владата на Република Унгарија, Ласло Хорват и Атила Кочиш.

Амбасадорот Д-р Јожеф Бенце и градоначалникот Тони Трајковски изразија големо задоволство од досегашната соработката и се договорија истата да продолжи во континуитет и во иднина.

## Благодарница од СЕТУ "Михајло Пупин"

Поради постојаната поддршка на Општина Гази Баба во реализацијата на активностите на СЕТУ "Михајло Пупин", а посебно за реализирањето на манифестацијата "Денови на електротехниката", директорот Ефтим Пејовски на градоначалникот Тони Трајковски му додели благодарница.




Градоначалникот постојано поддржува активности на основните и средните училишта, во насока на поквалитетно образование и воспитание на децата, како и во развивањето на вештините во воншколските активности.



## Плакети од ОО Црвен крст Гази Баба

По повод 35 годишнината од формирањето на Црвениот крст Гази Баба, претставници од општинската организација на Црвениот крст Гази Баба им доделија плакети на општина Гази Баба за успешна соработка и на градоначалникот Тони Трајковски за подржување на социјално - хуманитарните активности и развојот и унапредување на крводарителството.

Плакетите ги доделија претседателот на Црвениот крст на град Скопје, Д-р Стефан Тодоров, секретарот на ОО на Црвениот крст Гази Баба, Здравко Георгиевски и членовите на Извршниот одбор, Ромел Велев и Тодорче Стојчевски.





# Проект "Младоста и искуството, моќта на хуманоста"

Општина Гази Баба и Општинската организација на Црвен крст на Гази Баба продолжуваат со реализација на проектот "Младоста и искуството- моќта на хуманоста", кој започна во 2011 година и поради се поголемиот интерес на жителите на општината веќе трета година успешно се реализира.

Целта на проектот е да се посетуваат старите и изнемоштени лица во нивните домови преку давање на психо-социјална помош, набавка на потребни прехранбени продукти, општи здравствени прегледи (мерење на крвен притисок, шеќер во крвта), поправка на апарати во домаќинството, разговори со семејствата и слично.

За реализација на проектот ангажирани се волонтери од Црвениот Крст-Гази Баба и лекари од Здравствен Дом Ченто, со што се зголемува довербата на старите и младите лица, взаемно почитување, размена на искуства, стекнување на пријателства и сл.

Лицата кои беа опфатени со проектот, а се од семејства со висок социјален ризик, Градоначалникот на Општина Гази Баба им подели дрва за огрев и пакети со храна и хигиенски производи.

Проектот "Младоста и искуството моќта на хуманоста" е во согласност со Националната Стратегија за стари лица 2010- 2020 година на Министерството за труд и социјална политика

## *Одбележан денот на крводарителите и Денот на црвениот крст на РМ*

Општина Гази Баба во соработка со Општинската организација на Црвен крст "Гази Баба"-Скопје организираа свечен прием за крводарителите од општина Гази Баба, по повод 17 Март Денот на крводарителите и Ден на Црвениот крст на Република Македонија.

Пред крводарителите и присутните гости, се обратија градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски и Претседателот на Комисијата за крводарителство при ООЦК Гази Баба-Скопје и член на Извршниот одбор на ООЦК Гази Баба Проф.д-р.Петар Христов.

На приемот беа поделени плакети на:

- Крводарителите кои дарувале 25 и повеќе пати крв:.

Јовица Стоилевски, Живко Митковски, Дејан Младеновски, Сузана Илиќ, Митко Јанковски, Селвета Сулејман, Добри Трајковски, Гоце Соколовски, Жарко Матовски и Марјан Станковски.

- Крводарителите кои дарувале 50 и повеќе пати крв:.

Златко Ѓоргиевски, Драги Цветковски, Димче Блажевски, Стојан Павлевски и Спасо Андонов.

- Крводарителите кои дарувале 100 и повеќе пати крв:.

Ивица Цветановски.

- Најдобра работна организација на подрачјето на Општина Гази Баба за 2012 год. ЈСП Скопје.

- Најдобро средно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба за 2012 год. е СЕТУ "Михајло Пупин" - Скопје.

- Најдобра образовна институција од Високото образование на подрачјето на Општина Гази Баба за 2012 год. е Факултет за Земјоделски Науки и Храна.

- Најдобар мотиватор за крводарителство на подрачјето на општина Гази Баба за 2012 год. е Ленче Блажевска од АСУЦ "Боро Петрушевски" - Скопје.

Општинската организација на Црвен Крст "Гази Баба" во 2012 год. од вкупно планираните 2835 единици крв има реализирано 64 акции и има собрано 2866 единици крв. Планот за 2012 година е реализиран со 101,09 %.



# Презентација на Проектот за замена на уличните светилки со штедливи




Во Општина Гази Баба, се одржа презентација на Проектот за замена на уличните светилки со штедливи.

На презентацијата присуствуваа претставници од компаниите Минел Шредер, Електро изградба, проф. Д-р Константин Димитров и директорот на Агенција за енергетика на Република Македонија, Лазар Гечевски.

Пред почетокот на презентацијата градоначалникот Тони Трајковски се обрати пред присутните, и накратко даде образложение за потребата од менување на обичните светилки со штедливи.

На подрачјето на Општина Гази Баба во текот на изминатиот период беа заменети 5700 улични светилки со штедливи, со што на годишно ниво ќе се заштедат финансиски средства за потрошена електрична енергија во висина од 300.000,00 евра.

Во следниот период, треба да се заменат уште околу 1000 светилки низ населените места во општина Гази Баба.

## *Договор за соработка со Центар за жени претприемачи*

Градоначалникот Тони Трајковски потпиша Договор за соработка со Фондацијата за поддршка и развој на женското претприемништво - Центар за жени претприемачи. Општина Гази Баба во Центарот за млади и невладини организации им обезбедува просторни услови, а Центарот



за жени претприемачи нуди Програма за работа за периодот 2013 - 2015, која е од интерес на општината, преку резализација на соодветни проекти.

Програмата 2013-2015 овозможува подобрување на условите во областите на невладиниот сектор и младите, со реализација на следните цели:

- Подобрување на економската клима со директно зголемување на можностите за отворање нови работни места преку обуки, советување, консултации, мониторинг, значајно поттикнувајќи ја претприемачката свест кај женската и младата популација,
- Градење на капацитети за постигнување на уште поголема ефикасност и ефективност на локалниот партнер-Општина Гази Баба, каде посебен акцент е поставен на развојот на иновативни, ИТ менаџмент решенија за поддршка на малите и средните претпријатија во општината,
- Усовршување на процесите и стручниот кадар за подобрување на инвестициските можности и привлекување на инвеститори,
- Поддршка на партиципацијата во креирањето на политики во рамките на економските и образовни институции, на локално, национално и меѓународно ниво. Тоа делување е директно насочено кон создавање на можности за економски развој и отворање на претприемачки можности,
- Интегрирање на жените и младите во ЕУ програми,
- Поттикнување на свеста за животната средина,
- Одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна соработка и бизнис вмрежувања.

## Меморандум за соработка со Полио Плус

Градоначалникот Тони Трајковски потпиша меморандум со Полио Плус и НВО "Здравје и Респект" кој претставува рамка за воспоставување на соработка, со цел планирање и заедничко организирање и спроведување на активности за востановување на информативен едукативен ресурсен центар во општина Гази Баба.

Општина Гази Баба ќе овозможи простор во кој ќе биде сместен ресурсниот центар за лица со хендикеп и ќе ги покрива оперативните и режиските трошоци.

Здруженијата "Здравје и респект" и Полио Плус ќе ги идентификува потребите на ресурсниот центар и ќе ги идентификува корисниците кои би се вклучиле во истиот.

Потписниците на меморандумот ќе соработуваат во промовирање и афирмирање на прашањето на хендикепот, како и во подигнување на јавната свест кај населението, преку заеднички медиумски кампањи и печатење на промотивен материјал за ресурсниот информативен центар.



# Процес на легализација

На подрачјето на општината од околу 16000 барања за легализација на бесправно изградени објекти, до крајот на април се издадени околу 1400 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица.

Формираните тимови за легализација кои се составени од вработени во општината се секојдневно на терен и во континуитет постапуваат по барањата на граѓаните.





# Трибина за безбедна храна и подобро здравје

Во просториите на општина Гази Баба беше одржана трибина за подобрување на јавната свест за безбедноста на храната. Проектот е финансиски поддржан од Јапонска агенција за меѓународна соработка "ЈИЦА" и ќе се спроведува во повеќе општини.



Презентацијата ја одржаа Прим.Д-р Ленче Јовановска, специјалист по епидемиологија и Воислав Димитровски од Агенцијата за храна и ветеринарство кои го нагласија значењето и предностите на здравата храна, нејзиното производство, избор на продукт, ознаките кои ги има, како и начинот на конзумација.

Од агенцијата велат дека тие ја кројат рамката и правилата кои треба да се исполнат за да биде храната безбедна и дека секој производ поминува низ строги контроли пред да биде пуштен во продажба, затоа што најчесто храната 80% е предизвикувач на разни заболувања.

Во овој проект се опфатени сите возрасни групи, односно градинките, основните и средните училишта, високо образовните институции, друштва, институции и јавни установи во пет општини во Република Македонија, Гази Баба, Кисела Вода, Прилеп, Гостивар и Штип.

Градоначалникот Тони Трајковски истакна дека ќе се заложи и по завршувањето на реализацијата на проектот, во општината да се продолжи со едукација на населението за подигање на свеста за употреба на безбедна храна.

Градоначалникот Тони Трајковски и директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Дејан Рунтевски за да се реализира овој проект, потпишаа Меморандум за соработка, со кој се дефинираат активностите, предвидени со проектот на Агенцијата за храна и ветеринарство "Подобрување на јавната свест за безбедност на храната", поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка, кој ќе се спроведува на територијата на општината Гази Баба.

# *Курсеви по англиски јазик и информатика*

Традиционално веќе неколку години наназад, Општина Гази Баба организира бесплатни почетни курсеви по англиски јазик и информатичка технологија, за жителите од општината. Ваквите курсеви се од особено значење во ова динамично време, каде познавањето на англиски јазик и информатика се клучни за вклучување во современите животни текови. Повозрасните граѓани се особено заинтересирани, како би можеле да остварат комуникација со своите блиски преку интернет и социјалните мрежи.

Обуката по англиски јазик е поддржана од приватното училиште за странски јазици Челинџ, кое доделува валидни сертификати на посетителите, кои пак можат да ги приклучат кон своите биографии, кога аплицираат за вработување.

Курсевите беа масовно посетени од голем број граѓани, вкупно 135 или поточно за информатика 61 и за англиски јазик 74 посетители, а часовите се одржаа во три основни училишта на територијата на Општината Гази Баба, во Стив Наумов од Автокоманда, Дане Крапчев од Маџари и Крум Тошев од Трубарево.

Градоначалникот Тони Трајковски им додели сертификати по англиски јазик и потврди по информатичка технологија и им посака на граѓаните и во иднина да бидат вклучени во едукативните активности кои ќе бидат организирани од општината.



# Креативни работилници

Општина Гази Баба во соработка со Организација на жени на Гази Баба и партнерот во проектот "двв Интернационал", го реализираат Проектот "Етно денови", кој е дел од Програмата за култура за 2013 година. Во рамките на овој проект беа реализирани креативни работилници, на кои жените од Гази Баба и сите оние кои беа заинтересирани, учеа разни вештини за изработка на украсен накит, плетење на чипки, изработка на реплики од носии, везење на мотиви од народните носии и друго.





По завршувањето на прviот циклус на креативните работилници, беше одржана презентација и изложба од изработките од одржаните работилници, а на сите учесници Градоначалникот Тони Трајковски им додели благодарници за учество.

Свое обраќање пред присутните имаа градоначалникот Тони Трајковски, претседателката на организација на жени, Ленче Јовановска, координаторот на проектот од двв Интернационал, Билјана Мојсовска и предавачот на обуката за изработка на ракотворби, Елица Перчинкова.

Жените кои учествуваа во креативните работилници со своите изработки учествуваа на Етно саемот во Врњачка Бања во Србија. Следниот циклус на овие работилници продолжи и во месец мај, а на почетокот на месец јуни ќе се одржи завршната манифестација на Проектот "Етно денови", која ќе трае три дена на која ќе бидат поканети да учествуваат сите заинтересирани организации на жени од Република Македонија и од соседните земји.





# Работна средба во Театарот Чекори

Градоначалникот Тони Трајковски оствари средба со уметничкио раководител и претставници од театарот Чекори. На средбата разговараа за долгогодишната меѓусебна соработка, успешно реализираните проекти на театарот, поддршката која градоначалникот и општината им ја даваат за реализација на повеќе активности,




како и за санацијата на објектот на Културниот Дом "Димитар Влахов", каде е сместен театарот Чекори.

На средбата се разговараше и за соработка која би се проширила на меѓународно ниво на полето на културата, со општините од повеќе држави, со кои Општина Гази Баба е збратимена.



# Средба со пензионерите од Гази Баба

За да се слушнат потребите и барањата на нашите највозрасни жители, градоначалникот Тони Трајковски често одржува средба со членовите на Здружението на пензионери на Гази Баба и со жителите на Пензионерскиот дом во Автокоманда. Пензионерите изразија големо задоволство од ангажманот и трудот кој го вложуваат градоначалникот и општината, што резултира со одлична меѓусебна соработка.







# *Отворени клубови за пензионери*





Во насока на добрата соработка помеѓу Општината и Здружрнието на пензионери од Гази Баба, во населба Ченто, во населба Маџари и во н.м. Јурумлери беа отворени клубови на пензионери.

Клубовите се место каде што пензионерите поминуваат дел од своето слободно време во заедничко дружење.




# Семејството Смиливски и првото бебе

На почетокот на 2013 година во Клиниката за гинекологија и акушерство, при универзитетскиот клинички центар, брачниот пар Јасмина и Иван Смилевски од населбата Хиподром, го добија своето осмо дете, кое воедно беше и првиот жител на Општина Гази Баба. Градоначалникот Тони Трајковски и директорката на Клиниката за гинекологија и акушерство, Д-р Марија Хаџи Лега, ги посетија мајката и првото родено бебе, им посакаа здравје и среќа, а на малиот Филип убаво и безгрижно детство. Од Општината Филип доби штедна книшка со 20.000,00 денари

На првата средба градоначалникот истакна дека ова е убав пример, како едно семејство ако добро се организира може да има повеќе дечиња и дека треба да претставува мотив за останатите семејства. Во оваа пригода вети дека постојано ќе биде во контакт со семејството и ќе го следи и учествува во грижата за време на растењето на Филип.







Кога Филип наполни два ипол месеци, Градоначалникот Тони Трајковски беше да го посети. Тој е здраво и напредно бебе и расте во среќно семејство со две сестрички и пет братчиња.

За велигденските празници Градоначалникот на семејството Смилевски им подари електричен шпорет.





На ден 15.04.2013 година се одржа првата конститутивна седница на Советот на Општина Гази Баба за периодот 2013 - 2017 година.

Претседателот на Општинската Изборна Комисија, Златан Беговиќ на сите кандидати за членови во Советот на општина Гзи Баба им ги врачи Уверенијата за избран советник, по што Верификационата Комисија донесе Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот, по кое се избра и претседател на Советот.

Во новиот мандат советнички места добија 18 членови на ВМРО - ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија", 7 членови на СДСМ и коалицијата "Сојуз за иднината" и по 1 член од ДУИ и ДПА.

За претседател на Советот по предлог на советничката група на ВМРО - ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија", беше избран членот на Советот, Милан Андоновски.

На седницата се обрати градоначалникот Тони Трајковски, кој им ги честиташе мандатите на членовите на Советот и мандатот на претседателот на Советот, посака успешна и плодна заедничка работа и воедно ја истакна големата улога на членовите на Советот во реализирањето на проектите предвидени во Програмите на Општина Гази баба.

Градоначалникот исто така се заблагодари на Општинската Изборна Комисија за професионално завршената работа и за реализирање на фер и демократски избори, а голема благодарност упати до граѓаните на Општина Гази Баба за поддршката за избор во првиот круг за градоначалник.





# СЕ КОНСТИТУИРА НОВИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПЕРИОДОТ 2013 - 2017 година

**Баба Лепа** е родена во Скопје, тука го минала своето детство, младоста, тука се вљубила и си создала дом со дедо Драган. Во Автокоманда се доселила во 1949 година. Од својата 13 година работела во шивачки салон, каде требало да учи занает за шивачка. Но во тоа време не било лесно да се научи, бидејќи работела како чирак во салонот и морала да учи гледајќи како постарите шивачки работат и така да го учи занаетот.

Нејзината бистрина и умешност ја искористила брзо да ги совлада техниките на кроење и шиење, кои подоцна и станале дел од професијата.

Баба Лепа ни раскажуваше за животот во старо Скопје, за Офицерскиот Дом и игранките





кои ги одржувале таму, за дружбите со пријателките во Автокоманда, за заедничките патувања со својот сопруг во многу земји, за годините кои поминале.

Денес баба Лепа има 94 години, тешо се движи и единствена забава и е гледањето телевизија, на која најповеќе сака да следи спорт и со срце и душа навива на натпреварите каде што игра Македонија, а најтешко и е кога нашие ќе го изгубат натпреварот. Најголема желба на баба Лепа и е да го посети Музејот на македонската револуционерна борба, а најблиските ветија дека во најскоро време ќе и ја исполнат желбата.









# Во посета на најстарите жители на Гази Баба

Во населбата Ченто живее **баба Дара**, која има 95 години. Таа ни раскажа дел од нејзиниот живот, за нејзината младост, за заедничките години со нејзината единствена љубов, нејзиниот сопруг, со кој има четири сина и две ќерки, дванаесет внуци и седум паравнуци. Баба Дара се уште ги обавува секојдневните домашни обврски, но тука се и нејзините најблиски да и помогнат. Бидејќи живее во куќа, таа дел од своето време го поминува во дворчето со цвеќиња, каде се дружи со соседките, а нејзината најголема љубов се нејзините внуци и паравнуци со кои најповеќе сака да го минува своето време.





Општина Гази Баба по петти пат ја организираше Манифестацијата Пивтијада, по повод верскиот празник Водици.

На преполнетиот плоштад во Автокоманда, жените од урбаните и месните заедници, организацијата на жени од Здружението на пензионери и неколку ресторани кои се наоѓаат на територија на општината, ги продаваа своите пивтии, а собраните средства беа наменети за Детската клиника во Скопје.

Манифестацијата имаше и натпреварувачки дел, каде најубаво декорираните пивтии беа наградени, и тоа:

- во категорија на аматери - Рената Чифутова од УЗ "Крсте Мисирков", Надежда Кирковска од УЗ Маџари 2 и Благородна Петрушевска од општина Петровец

- во категорија на професионалци, ресторанот Ритуал од Трубарево.

За доброто расположение на присутните гости се погрижија: Душко Ѓорѓиевски, Блага Петреска, квартетот на Пламенка Трајковска, Елена Петреска Толевска и Јане Дунимагловски.









# ПИВТИЈАДА





# Априлијада



Општина Гази Баба и оваа година, по седми пат, традиционално со своите најмлади жители го прослави Денот на шегата 1-ви април.

На полоштадот Автокоманда се одржа централната Манифестација Априлијада 2013, на која учество земаа децата од градинките и основните училишта од подрачјето на Општината.



# Садење на рози во Гази Баба

Градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на Советот Милан Андоновски, директорот на ЈСП Скопје, Мишо Николов, директорот на Републички Катастар, Славе Трпевски, претставници од фирмите Миталстил, Скопски легури, дел од општинска администрација и Здруженија на граѓани за Денот на пролетта и Денот на екологијата засадија рози на булеварот Александар Македонски, спроти ЈСП. Розите ги донираа фирмите ЈСП Скопје, Алкалоид, Макстил, Миталстил и Републички катастар, а за училиштата во Гази баба цвеќе донираше фирмата Пакомак.

По повод денови на екологијата и денот на пролетта, Општина Гази Баба се вклучи во кампањата на Градот Скопје чија замисла е да го направиме ГРАД НА БЕЛИТЕ РОЗИ, со засадување на бели рози. Истата е поттикната и од ре-



зултати од Студијата под наслов Присуство на олово и други тешки метали во животната средина во градот Скопје , реализирана во 2 фази во 2002 година на територија на град Скопје. Предмет на испитување се почви, рози (цветови и листови) и треви на иглолисни растенија, листопадни растенија со покрупни листови и листопадни растенија со ситни листови.

Како заклучоци од Студијата се препорачува користење на фиторемедијација кој е метод на користење на одредени видови на растенија кои имаат способност да ги задржат и акумулираат штетните елементи (тешки метали) од водата, воздухот и почвата. Розите, се повеќегодишно украсно растение, кои апсорбираат големи количества на олово и кадмиум во себе. Овие тешки метали се исклучително штетни за здравјето на луѓето. За таа цел, се препорачува нивна примена односно препорака за нивно засадување на сообраќајниците во Градот Скопје да бидат збогатени со рози, затоа што имаат повеќекратно дејство. Розата го извлекува оловото од почвата и го концентрира така што оневозможува тоа натаму да излегува од растението и да се врати во средината.



# Еко активности и награди на ОУ Дане Крапчев

Во ОУ "Дане Крапчев" беше промовирана еко химна. Текстот на Химната го напиша ученичката Наталија Јовановиќ, музиката, аранжманот е на наставникот по музичко образование, Ванчо Јовчев, а изведбата е на Дина Јашари, придружувана од Ева, Сара, Ивана и Ана.

Училиштето Дане Крапчев многу внимание посветува на едукација за зачувување на животната средина и на едукацијата на учениците, кои заедно со наставниците постојано изнаоѓаат начин како рационално да ги користат расположливите природни ресурси, како да се редуцира, реупотреби и селектира отпадот.

Во таа насока во училиштето, Градоначалникот заедно со директорката Благица Станковска ја отворија еколошката училница, во која учениците ќе имаат можност практично да го покажат знаењето за животната средина. Во училницата се лоцирани хранилки за птици, канистри за искористување на дождовницата, компостерка за биоразградлив отпад, како и многу видови на вегетација.

За ваков труд, секако дека и наградите не изостануваат. Во ОУ "Кочо Рацин" се одржа регионалниот натпревар за млади техничари и природници во организација на Народна техника - Скопје.

Во областа екологија, Сара Јовановска ученичка во VIII$^{3}$ одд при ОУ "Дане Крапчев", под менторство на наставничката по биологија Бојана Мешковска Личева



го освои второто место. Со нивниот труд за КОМПОСТИРАЊЕ кој го реализираа, успеаа да се изборат во мошне силна и бројна конкуренција за оваа награда.

На самитот наградени беа училишта што постигнале високи стандарди во имплементирањето на еколошки програми во рамките на програмата "Како да се стане еко-училиште".

Преку програмата во наставата и во воннаставните активности учениците создаваат и стекнуваат навики за зачување на природната средина, изнаоѓаат начини како да ги заштедат природните ресурси, учат да живеат и работат во здрава и чиста средина.

# *Мојот мал прирачник за отпад*

Општина Гази Баба и Здружението на граѓани "Центар за климатски промени" соработуваа на проектот за анализирање на состојбите со управување со отпадот во Општина Гази Баба. Како крајна цел на проектот, се изработи "Мојот мал прирачник за отпад" кој дава упатства за начините за најпаметно управување со отпадот на територија на Општината.




Мото на прирачникот е "НЕ СМЕ ДОВОЛНО БОГАТИ ЗА ДА ГО ФРЛАМЕ ОТПАДОТ" со што Општината и Центарот за климатски промени - Скопје сакаат да ја поттикнат свеста на граѓаните за правилно селектирање и распределување на отпадот и овозможување на неговото рециклирање, со што ќе се придонесе за поздрава и поеколошка средина.



# Соработка на Гази Баба, Пакомак и Радио Буба мара

Основните училишта од Гази Баба се приклучија на акцијата на компанијата "Пакомак" за собирање на пластична амбалажа, Во општината има 11 основни училишта и две подрачни, каде се поставени контејнери и жолти канти во кои учениците во определени денови ставаат пластична амбалажа. За возврат, компанијата "Пакомак" на училиштата им донира хигиенски средства.

Целта на соработката на "Пакомак" и Општина Гази Баба е едукација на населението која ќе се врши од најмала возраст за придобивките од селектирање и рециклирање на пластичната амбалажа.

Овој проект има и натпреварувачко - мотивирачки ефект, бидејќи она училиште кое ќе собере најповеќе пластична амбалажа во определен временски период на крајот на годината "Пакомак " ќе ги однесе учениците на еднодневна екскурзија.













# Еко акција

Учениците од ОУ "Вера Јоциќ", по повод 21-ви март- Ден на пролетта и екологијата, спроведоа еколошка акција со садење на цвеќиња и зеленило во училишниот двор и поставија штандови на кои ги продаваа своите рачни изработки.

Во оваа активност беа вклучени учениците од седмо и осмо одделение, кои по повод акцијата "Купете роза, за да купиме рози" поставија штанд на кои беа изложени и продавани рачни изработки од материјали за рециклирање: хартија, пластика и слично, а парите кои се собрани, ќе бидат искористени за купување на нови садиници од бели рози.

Исто така еко тимот и останатите ученици спроведоа акција на чистење и уредување на училишниот двор со 25 садници на бели рози донирани од ПАКОМАК и изработка на мини паркче со засадување на различни видови на цвеќиња, во кои учествува и наставниците и техничкиот персонал.

## Гости од Р. Хрватска на ОУ Стив Наумов

Основното училиште Стив Наумов е вклучен во проектот СЕЦЕЛ, кој е финансиран од ЕУ во кој се опфатени учениците и кои се едуцираат во насока на размислување за претприемништво преку конкретни вежби.

Во посета на ова училиште беа претставници од ОУ "Фран Крсто Франкопан" од Загреб, Р. Хрватска кои се исто така вклучени во овој проект, кој подразбира размена на искуства. Искуствата кои се стекнуваат во вакви посети се од големо значение за двете училишта, за наставниот кадар и за учениците.



Гостите од Р. Хрватска и домаќините од ОУ Стив Наумов беа во посета на општина Гази Баба, каде оствари средба со градоначалникот Тони Трајковски.

Гостите беа одушевени од посетата на градот Скопје, од начинот на функционирањето на училиштата и од убавините на нашата општина и Р. Македонија.

## Учиме за Општината

Во основните училишта во четврто одделение, по предметот запознавање на општеството се учи за локалната самоуправа.

За да можат учениците поблиску да се запознаат со службите во општината и нејзиното функционирање, во нејзина посета беа учениците од училиштето "Стив Наумов", кои видоа каде работи општинската администрација поделена по сектори и одделенија, разговараа со вработените кои ги запознаваа со работните обврски кои ги имаат, го посетија кабинетот на градоначалникот и сите беа примени во салата на советот, каде што општинската администарација одговараше на многуте поставени прашања од учениците.

# Инфо табла на Младиинфо

Како дел од активностите кои се спроведуваат во рамките на проектот за соработка помеѓу НВО Млади инфо и Центар за развој на скопски плански регион, која отпочна во месец јануари 2013 година, во просторијата на едношалтерскиот систем во Општина Гази Баба, се постави информативна табла.

На таблата ќе се поставуваат информации од областите на едукација, волонтирање, пракса и самовработување, со што директно ќе се допринесе за информирање на младите во локалната заедница.




# Лого на Центар за млади и НВО








Согласно стратегијата на Општина Гази Баба за соработка со граѓанскиот сектор, формиран е "Центар за млади и НВО" кој претставува јадро преку кое се координира соработката помеѓу граѓанските организации и Општина Гази Баба. За да може овој Центар да биде препознатлив и да има еден визуелен идентитет, се организира конкурс за дизајнирање на лого во кој учесници беа млади луѓе до 30 години старост. Голем број на млади се јавија на конкурсот и понудија креативни решенија, од кои се избраа најдобрите три, меѓу кои и логото за Центарот за млади и НВО Гази Баба. По презентацијата на сите поднесени апликации и предлозите за лого од младите учесници во натпреварот од Република Македонија, градоначалникот Тони Трајковски официјално го прогласи победникот Петар Сарев, кој доби патување во Словенија на обука за фотографија, а награди добија и Драган Тренчевски, второ место и патување во Охрид на обука за медиумска комуникација и ПР и Анастасија Стојковиќ, трето место и награда промотивни материјали од Младиинфо.

# Обука за ран детски развој



Во предучилишната установа "25 Мај" се одржа првата обука од предвидените четири циклуси за стандардите за ран детски развој, имплементирање на воспитно-образовната работа во градинките.



Тема на работилницата беше "Иновативен пристап во унапредување на раниот детски развој преку имплементација на стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години.

На обуката присутни беа претставници од Уницеф и Министерството за труд и социјална политика, за информирање на вработените за законските промени според кои се води и организира дејноста во предучилишните установи.

Стандардите за ран детски развој се важна новина во воспитно-образовната работа, со што се овозможува правилен развој во секојдневната работа со децата.

# Посета во дом за стари лица

Децата од големите групи од предучилишната установа за деца "Детска радост" ги посетија старите лица кои престојуваат во Домовите за стари лица. При посетата на жителите од Домот, децата подготвија приредба проследена со песни и игри, а воедно им подарија честитки по повод 8-ми март.





## Учиме за Планетата Земја

Децата од ЈДГУ" Детска радост", учеа за Планетата Земја, совладаа нови поими за планети, звезди, сонце, месечина и сончевиот систем. Тие моделираа и работеа со глинамол, цртаа и учеа песнички за Планетата Земја.





## Акција за заштита на македонскиот рис

Децата од големата група од објектот "Калинка" во состав на ЈДГУ "Детска радост" го посетија маркетот "Тинекс" и локалното пазарче во Железара. Тие минувачите им го презентираа Еко-постерот за заштита на македонскиот рис, кој беше поставен на видно место и им делеа апликации со пораки за заштита на рисовите.





## Еко акција за заштита на кафената мечка и рисот

Во градинката "Детска радост", по повод 27 февруари - светскиот ден за заштита на кафената мечка, децата од сите воспитни групи изработија маски.

Во чест на овој ден, за заштита на кафената мечка и рисот-загрозени ендемски животни кои живеат во нашите шуми, децата од градинката продефилираа со маските на плоштадот во Автокоманда.



## Ден на пролетта

По повод Денот на пролетта во состав на ЈДГУ "25 Мај", беше организирана активност за разубавување на дворовите со садење цвекиња во сите објекти.

Во акцијата учествуваа децата, персоналот од градинката и родителите.



## Еко химна за Денот на екологијата и Денот на пролетта

По повод Денот на екологијата и Денот на пролетта, на плоштадот во Автокоманда децата од ЈДГУ "Детска радост" ја промовираа Еко химната со видео спот. Децата од сите групи, со пригодна програма го одбележаа доаѓањето на пролетта.



## Цветно дефиле

Денот на пролетта во објектот "Калинка" во состав на ЈДГУ "Детска радост" беше одбележан со цветно дефиле. Најмладите другаруваа и дефилираа со своите цветни маски во двор на својата градинка.

# Проект Мозаик



Во објектот " Синоличка " во состав на ЈДГУ "25 Мај " неколку години се спроведува проектот "Мозаик".

Во рамките на проектот формирани се мешани етнички групи албанско - македонски, каде што децата уште од мала возраст се учат заедно да го минуваат времето, да играат, да се дружат, да комуницираат, заедно да ги одбележуваат верските празници и слично. Секоја група брои помеѓу 18 и 20 деца на возраст од 4 до 6 години. Целта на проектот е да се развие самодовербата, самопочитувањето, почитувањето на другите, поттикнувањe на креативноста, критичко мислење, меѓусебна соработка, негување на мајчиниот јазик, сопствена култура, запознавање на јазикот и културата на другите.

## Професии и занаети

Во објектот "Сончоглед" во состав на ЈДГУ "Детска радост" се одржа активност, која е дел од темата "Професии и занаети". Децата кои престојуваат во градинката, имаа можност да се запознаат со професијата готвач, кој завзема важно место во секојдневниот живот, важен за нивниот раст и развој.



# Посета на пилана и салон за мебел





Децата од објектот "Пони" во состав на ЈДГУ "25 Мај", беа во посета на пилана и салон за мебел. При посетата децата имаа можност да се запознаат со начинот на обработка на дрвото и начинот на изработка на мебел.

# Креативни детски раскажувања



Во објектот Сончоглед кој е дел од ЈДГУ "Детска Радост", децата од поголемата група, подготвија претстава, раскажуваа креативни прикази инспирарани од сопствената имагинација, од рачно изработените цртежи.

Цртежите и сликите се изработени од воспитувачките, а секој од нив соодветствува со моменталното годишно време, со одреден празник, настан или случка, за кој децата сликовито го објаснуваат и го меморираат.

# Царство на животните

Во предучилишната установа "Детска радост", се одржаа дневни активности на тема " Царството на животните".

Најмладите од сите групи во градинката изработуваа, моделираа, цртаа и притоа се запознаваа со различните видови домашни и диви животни.





# Драматизации за животните

Во објектот "Мимоза" во состав на ЈДГУ "Детска радост", децата од големата група пред своите другарчиња од помалите групи, изведоа драматизации за домашните и шумски животни.

Драматизациите за домашните и шумските животни децата ги подготвија заедно со своите воспитувачки и негователки, обработувајќи ја темата "Во царството на животните."



# Детска претстава "Криенка"

Во објектот "Темјанушка" децата имаа можност да ја гледаат претставата "Криенка", подготвена од нивните воспитувачки и негователки. Децата со интерес, внимание, радост и смеа ја проследија претставата.



## Трите прасиња, волкот и Toше

Во објектите " Калинка " и " Момоза" во состав на ЈДГУ "Детска радост", децата ја проследија театарската претстава "Трите прасиња, волкот и Toше". Претставата беше подготвена од воспитно - згрижувачкиот кадар во градинката. Децата се смееа и се дружеа со прасињата, волкот и продавачот Toше.



## Театарска претстава "Златка и трите мечки"

Децата кои престојуваат во објектот "Калинка" во рамките на ЈДГУ "Детска радост", имаа можност да ја проследат претставата "Златка и трите мечки", подготвена од воспитно - згрижувачкиот кадар, од градинка.



## Куклена претстава "Итрата лисица"

Во објектот "Синоличка", во состав ЈДГУ "25-ти Мај", беше изведена куклената претстава "Итрата лисица"

Претставата беше подготвена од воспитно-згрижувачкиот тим на предучилишната установа.

# УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ТУРНИРИ


Футсал


Футсал


Кошарка


Ракомет


Одбојка


Пинг понг





# Каратистите од Металург на прием кај градоначалникот

Градоначалникот Тони Трајковски ги прими каратистите од карате клубот Металург, заедно со нивните тренери, Мирче Janушевски и Киро Ѓорѓиевски, кои на последните натпреварувања надвор од земјата освоија медали. На "IV Светско Шотокан првенство" во Истанбул, Р. Турција, Филип Несторовски во конкуренција на 47 земји, освои златен медал во категорија на 12 - 13 години и + 50 кг. (во еден од стиловите на каратето) со пет победи и сребрен медал во категорија + 55 кг, со пет победи. На Балканскиот шампионат, кој се одржа од 29 до 31 март во Р. Србија, каде учествуваа 14 репрезентации и околу 2000 натпреварувачи, Филип Несторовски освои златен медал, Филип Ѓурчиновски сребрен медал, а Михаил Ѓурчиновски бронзен медал, додека репрезентацијата на Р. Македонија во екипна конкуренција го освоија третото место, во која настапуваа тројца членови од карате клубот Металург - Виктор Крстевски, Азиз Исмаил и Мехмед Адил. На средбата се разговараше за успешната соработка која ја има клубот Металург со Општина Гази Баба и за соработката која ќе продолжи и во иднина.




# Осмомартовско женско авто рели

Општина Гази Баба на Плоштадот во Автокоманда по петтипат во соработка со АКК Кастрол рејсинг тим, Здружение на граѓани СОБЗ и Град Скопје, ја организираше спортската традиционална манифестација позната во јавноста како " 8-мо мартовско женско авто рели".

Кампањата се спроведува по повод Меѓународниот ден на жената 8-ми Март кога се одбележуваат и прославуваат економските, политичките и општествените постигнувања на жената. За сите жени во светот овој ден е прилика да се обединат, поврзат и мобилизираат суштински промени кои ќе придонесат за добробит на сите. Токму затоа женскиот месец во годината е посветен на безбедноста во сообраќајот, под мотото "Месец на жената и Месец за национална безбедност во сообраќајот".

На овој настан присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Милан Андоновски, претставниците на АКК Кастрол и многубројни љубители на авто релито.



Натпреварувачките и присутните гости ги поздравија Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска и градоначалникот Тони Трајковски, кој на сите учеснички им поделија Благодарници за учество во авто релито и цветен аранжман.



Натпреварот се состоеше од два дела:

- Возење по градската сообраќајна мрежа со почитување на сообраќајните безбедносни правила и прописи, притоа застанувајќи на контролни места
- Вешто и брзо возење со совладување на препреки на паркингот до плоштадот на Општина Гази Баба, по кое учесничките се враќаат на градски плоштад и следува прогласувањето на најдобрите во авто релито.



# Спортска опрема за клубовите во општинската лига

Општината посветува големо внимание на развивањето на спортот на нејзина територија и на помагање на спортските клубови. Во таа насока, Градоначалникот Тони Трајковски и претседателот на ОФС Гази Баба, Светозар Станковски, имаа средба со претставниците на фудбалските клубови - Гоце Делчев, Младост од Ергеле, Страчинци, Инџиково, Смилковци и Петровец, кои се натпреваруваат во општинската фудбалска лига. На средбата се разговараше за потребите кои клубовите ги имаат околу нивното функционирање и уредувањето на терените.

На сите клубови, градоначалникот и претседателот на ОФС им поделија спортска опрема.









# Асовите го избраа градоначалникот на Гази Баба

Од Асоцијацијата на спортски новинари, спортисти и спортски работници на Македонија, на емисијата на ТВ Сител "Асовите бираат асови", градоначалникот Тони Трајковски го доби признанието за градоначалник на годината, за посебен придонес во развојот и унапредувањето на спортот во Република Македонија.

Оваа награда градоначалникот ја добива по вторпат, со што се потврдува неговата голема ангажираност во областа на афирмација на спортот во Гази Баба, градот Скопје и Република Македонија.

Во овие активности е вклучувањето на повеќе од 1000 ученици во училишните спортови, помош на спортските клубови за реализација на нивните тековни активности, помагање во одржување на турнири во населените места, како и во покровителство на меѓународни турнири, организирани од клубови кои работат на територија на општината и помош на индивидуални спортисти.





# Карате турнир Гази Баба опен 2013





Во спортската сала М.А. Ченто по седмипат се одржа карате турнирот Гази Баба Опен, во организација на КК Тигар, под покровителство на Општина Гази Баба. Турнирот за отворен го прогласи градоначалникот Тони Трајковски.

На турнирот учествуваа околу 450 натпреварувачи во повеќе категории од Словенија, Бугарија, Србија, Косово, Албанија, Црна Гора и од Македонија.

Најуспешна екипа беше КК "Металург" од Скопје, а најуспешен карате клуб гостин беше "Дарис" од Р. Бугарија.

Витешкиот орденот "Филип II Македонски", за најдобар каратист на турнирот, го освои Филип Несторовски од КК Металург.



Од дворот на Општина Гази Баба



## Телефони на Јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" бб, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** **mediumi@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-4-22-22** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска
redakcija@gazibaba.gov.mk

**Ликовно-графички и технички уредник:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** +389 (0)2/ 3 22 66 55;